Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli i këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр. - Nr. 0401-386/2
18. 11 2022 год./vit
Скопје - Shkup

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АНСАМБЛ НА АЛБАНСКИ НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став 2 од Правилникот за полагање на аудиција во НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија бр.0201-140 од 06.06.2019 година, директорот на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија на ден 18.11.2022 г. ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ПРОВЕРКА НА УМЕТНИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ (АУДИЦИЈА) НА КАНДИДАТИТЕ ПРИЈАВЕНИ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС БР.1/2022 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДВА (2) ИЗВРШИТЕЛИ ДРУГ УМЕТНИК ТРЕТА ГРУПА (ИГРАЧ) НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ЗА ПЕРИОД ДО 5 ГОДИНИ

I. Програмата содржи податоци кои се задолжителни при проверка на уметничките способности на кандидатите согласно Правилникот за полагање на аудиција на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија, и тоа:

1. За работно место под ред.бр.1 со Шифра КУЛ 03 04 А05 013 Друг уметник трета група - Играч кандидатите потребно е да ја изведат следната програма/зададено фолклорно народно оро од албанскиот фолклор, по следната содржина:

- Оро со мотиви од Ресен;
- Оро со мотиви од Кичево;
- Орото од областа на Карадак;
- Орото од областа на Полог;
- Оро со мотиви од Дебар.

2. Комисијата за спроведување на постапката за вработување, проверката на уметничките способности на пријавените кандидати ќе ја спроведе и преку следните задолжителни критериуми, и тоа:

-играчки способности и познавање на ората од сите подрачја (Полог, Карадак, Корча, Тирана, Тропоја и др.);

-возраст на кандидатите од 18 до 25 години;

-физички изглед-висина на женски кандидати над 1.67м, и за мажи висина над 1.73м, соодветна тежина и сл.;

-уметнички впечаток (виртуозност, музикалност, сугестивност);

-проверка на слух;

-проверка на ритам;

II. Аудицијата ќе се спроведе во две фази согласно Правилникот за полагање на аудиција на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија.

III. Програмата за проверка на уметничките способности на кандидатите се објавува со денот на нејзиното донесување на веб страната на Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија www.ansambli-shqiptar.mk истиот ден заедно со јавниот оглас за вработување.

IV. Пријавените кандидати кои ќе ја достават целосната документација согласно објавениот оглас, од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување ќе бидат известени со јавно објавување на денот, часот и местото на одржување на аудицијата преку веб страната на Националната установа, како и на контакт телефонот, и по електронски пат согласно податоците кои ќе ги наведат во својата пријава за вработување.

V. Комисијата за спроведување на постапката на вработување ќе ги оценува кандидатите согласно член 10 од Правилникот за полагање на аудиција на Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија.

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АНСАМБЛ НА АЛБАНСКИ НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli i këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр. - Nr. 0401-386/1
18.11 2022 год./Vit
Скопје - Shkup

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АНСАМБЛ НА АЛБАНСКИ НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи (Сл.весник на Република Македонија бр.62/05.......288/21), член 77-г од Законот за културата (Сл. весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), член 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа бр.0201-61/02 од 23.01.2020 година и Одлуката донесена од раководното лице на Националната установа за објавување на јавен оглас, Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2022

за вработување на два (2) извршители на определено работно време за период до 5 години

НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје, има потреба од вработување на определено време за временски период до 5 години на два (2) извршители, даватели на јавни услуги во културата – Категорија А - Уметници, Ниво А5 уметници - трета група, на следните позиции:

1. Шифра **КУЛ 03 04 А05 013 Друг уметник трета група - Играч** - 2 (два) извршители;

**Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните:**

Општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Да е полнолетен
- Да има општа здраствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Посебни услови:

-да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место;
-да има соодветно работно искуство потребно за работното место и
-да поседува други посебни работни компетенции потребни за работното место доколку се бара;

- **Работно место под точка 1:** Посебни услови: степен и вид на образование:
 Кандидатот треба да има високо образование најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен Музички уметности или завршено средно училиште (музичко или гимназиско образование). Работно искуство: До една година работно искуство;
 НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по балансер согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2022 год. се: Македонец(ка) 2 извршители.
 Нето износ на плата: 39.836,00 денари;

**Распоред на работно време:**

Работното време се определува согласно Годишниот план за распоред на работното време и месечниот план за распоред на работното време на Националната установа, согласно член 30 и 42 од Колективниот договор за културата.

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат од Архивата на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје или од веб страната на Националната установа:www.ansambli-shqiptar.mk;

Кандидатите треба да ги доставаат следните документи за исполнување на општите услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:

-Уверение за државјанство - (не постаро од шест месеци);

-Лекарско уверение за вработување - (не постаро од шест месеци);

- Потврда/Уверение дека нема забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);

-Пополнета Пријава за вработување;

-Кратка Биографија;

-Кратко мотивациско писмо;

Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар и тоа:

- Диплома/уверение за завршено образование;

-Доказ за работно искуство-за работното место каде е предвидено;

Јавниот оглас за работното место од точка 1 трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на огласот на веб страната на Националната установа и во три дневни весника од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување и спроведување на постапка на аудиција.

Кандидатите, Пријавата пополнета во целост, прецизно и со точни податоци со потребните документи ги доставуваат до Архивата на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје секој работен ден од 8.30 до 16.00 часот на следната адреса: НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје, бул. Филип Втори Македонски бр.11 - Скопје, кат 2-ри, со назнака: За оглас бр.1/2022.

Пријавените кандидати на јавниот оглас, од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција:

-Фаза 1.Административна селекција-Проверка на внесените податоци во пријавата со условите предвидени во огласот и проверка на приложените докази и

-Фаза 2.Аудиција-Проверка на уметничките способности на кандидатот, врз основа на Програма за проверка на уметничките способности на кандидатите, согласно Правилникот за полагање на аудиција во НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје бр.0201-140 од 06.06.2019 година.

Програмата за проверка на уметничките способности на кандидатите ќе биде објавена на веб страната на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија – Скопје во исто време заедно со објавениот јавен оглас, со цел запознавање со содржината на истата од страна на заинтересираните кандидати.

За денот, часот и местото на одржување на аудицијата, со цел проверка на уметничките способности на кандидатите, кандидатите ќе бидат известени со јавно објавување на денот, часот и местото на одржување на аудицијата преку веб страната на Националната установа, како и на контакт телефонот, и по електронски пат согласно податоците кои ќе ги наведат во својата пријава за вработување.

Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија - Скопје

| |
|---|
| *РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА* |
| **НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АНСАМБЛ НА АЛБАНСКИ НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ** |
| *REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT* |
| **INSTITUCIONI NACIONAL ANSAMBLI I KËNGËVE DHE VALLEVE POPULLORE SHQIPTARE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP** |
| **ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ / FLETËPARAQITJE PËR PUNËSIM**<br>**ПО ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2022 / PËRMES SHPALLJES PUBLIKE NR. 1/2022** |

За работно место (реден број и назив)
Për vendin e punës(numri rendor dhe emri) ______________________________

1.**Податоци за кандидатот / Të dhëna për kandidatin**

Име и Презиме
Emri dhe Mbiemri ______________________________

Матичен број (ЕМБГ)
Numri amë ______________________________
______________________________

Датум и место на раѓање
Data dhe vendi i lindjes______________________________

Адреса и место на живеење
Adresa dhe vendi i banimit ______________________________

Припадност на заедница
Kombësia ______________________________

Електронска адреса на кандидатот
Posta elektronike e kandidatit ______________________________

Телефон за контакт
Kontakt telefoni ______________________________

2.**Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно / Deklaratë për plotësimin e kushteve të përgjithshme për vendin e punës me deklarimin PO/JO për secilin kusht ndaras**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
  Të jetë shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut____________ **ДА/PO НЕ/JO**
- Активно да го користи македонскиот јазик
  Të përdorë në mënyrë aktive gjuhën maqedonase____________ **ДА/PO НЕ/JO**
- Да е полнолетен
  Të jëtë i moshës madhore____________ **ДА/PO НЕ/JO**

- Да има општа здравствена способност за работното место
  Të ketë aftësi të përgjithshme shëndetësore për vendin e punës___ДА/PO НЕ/JO
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
  Me vendim të plotëfuqishëm gjyqësorë të mos i jetë shqiptuar dënim ndalesë për kryerjen e profesionit,veprimtarisë apo detyrës________________________ДА/PO НЕ/JO

3.**Изјава за исполнување на посебните услови за работното место за секој услов одделно / Deklaratë për plotësimin e kushteve të veçanta për vendin e punës me deklarimin PO/JO për secilin kusht ndaras**

- Степен и вид на образование / Niveli dhe lloji i arsimimit
- степен на образование
  Niveli i arsimimit ________________________________________________
- вид на образование
  Lloji i arsimimit__________________________________________________
- Работно искуство
  Përvojë pune________________________________________(години/vite,месеци/muaj)

4.**Кратко мотивациско писмо / Letër e shkurtër motivimi ___________ДА/PO НЕ/JO**
5.**Кратка Биографија / Biografi e shkurtër______________________ДА/PO НЕ/JO**

**Под кривична и материјална одговорност изјавувам дека податоците внесени во пријавата се точни и вистинити / Me përgjegjësi të plotë penale dhe materiale deklaroj se të dhënat që figurojnë në fletëparaqitje janë të sakta dhe të vërteta.**

Датум / Data _____._____.2022 година.

____________________________
Потпис на кандидатот
Nënshkrimi i kandidatit